Телефон: ++389 (0)2 5511711
Факс: ++389 (0)2 3060651
E-mail:kultura@novamakedonija.com.mk

**МИРА ГАЌИНА, КУРАТОРКА НА БИЕНАЛЕТО**



# Постои публика, има уметници, потребна е смелост

Преполните сали на отворањето на Биеналето на млади уметници во Музејот на современата уметност и видливата возбуда на посетителите покажаа дека младоста значи нова, силна, ослободувачка енергија и творечка свежина, вели **Мира Гаќина**, кураторка на изложбата на тема „Идентитети", која се одржува во МСУ.

**Каква е младата македонска ликовна сцена? Се изделува ли по нешто - стилски и жанровски од регионот?**

- Познавачите знаат дека во современата уметност постојат толку многу техники и медиуми во кои уметниците се изразуваат што стилските или жанровски поделби не задоволуваат за соодветното групирање. Дерида дури вели дека од онаа страна на секој жанр, уметноста претставува, во еден квазитрансцедентален простор, оддалечување од каква било забележлива референца. Избраните трудови на Биеналето вклучуваа цртежи, видеопроекции, перформанси, целта беше да се фрли светло на темата од сосема различни агли, а истовремено да сочинува целина. Кон некои дела особено се приврзав и, да, сега можам да кажам дека сцена има и живее. Не знам дали може да се прават спо-

# Култура

**НА МЛАДИ УМЕТНИЦИ**

**Авторите нужно ја црпат инспирацијата од просторот и од времето во кое творат, сепак креативниот чин е во суштина индивидуален**



редби по региони, во секој случај, регионот, ако треба да правиме некои географски анализи, веќе има дадено неколку големи светски имиња, дури и меѓу најновите автори.

**Млади уметници, млада кураторка. Какви можности Ви дава домашниот амбиент - културен и општествен?**

- Млада да, во случајов секако не и незрела. Преполните сали на отворањето на Биеналето во Музејот на современата уметност и видливата возбуда на посетителите покажаа дека младоста значи нова, силна, ослободувачка енергија и творечка свежина. Инаку, иако инспирацијата авторите нужно ја црпат од просторот и времето во кое творат, сепак креативниот чин е во суштина индивидуален. Се разбира, постоењето на мецени, општото ниво на култура на живеење, доброосмислена долгорочна политика на поддршка на уметничкото творештво можат позитивно да влијаат, но колку и да е голем надворешниот поттик, одлучувачка е внатрешната дразба. Ние покажавме -постои публика, постои изложбен простор, има и уметници, млади, а и постари, потребна е смелост.

**Темата „Идентитети“ е веројатно една од најчесто спомнуваните во општествениот и политичкиот амбиент. Како таа се рефлектира во ликовниот?**

- Во апстрактот со кој ги поканив уметниците да се искажат на оваа тема се обидов да поканам отворена размисла за тоа кои сме во суштина. Со изборот дадов некои можни читања, се разбира, ниту барав, ниту очекував, со тоа да го редуцирам чувството на посетителот. Како што вели Диди Иберман: „Уметничкото дело вознемирува, тоа што нè привлекува кон него останува опскурно, ако се трудиме да го откриеме скриеното во него, ќе го уништиме, секогаш кога ќе го погледнеме тоа нè заслепува со не-знаење“. Инаку, некои од уметниците, се разбира, се одлучија со своите дела да адресираат директно актуелни социјални теми.

**Идентитетот не се остварува, тој си - кој си. Така и одговорот што всушност Бог го дава во Библијата кога го бараат за да се именува гласи: „Оној сум којшто сум“. Се разбира, истовремено, можеш да се освоиш, да се допрепознаеш**

**Кој идентитет е потешко да се оствари, професионалниот или националниот?**

- Идентитетот не се остварува, тој си - кој си. Така и одговорот што всушност Бог го дава во Библијата кога го бараат за да се именува гласи: „Оној сум којшто сум“, се разбира, истовремено, можеш да се освоиш, да се допрепознаеш. Денеска сè повеќе прашањето за идентитетот кој сум се заменува со каде сум. Премногу е тешко да се одговори на прашањето кој сум, па си помагаме да одговориме на ова прашање со одговор на прашањето каде сум. Ако се наоѓам во машко тело, јас сум маж, ако се наоѓам во женско тело, јас сум жена или ако сум зад фабричка машина, јас сум работник, ако сум во Македонија, јас сум Македонец/Македонка... Збркани во овој момент како граѓани на ова општество со силни движења на глобализација, на униформирање, се најдовме во апсурдна состојба да не можеме да се именуваме самите себе, а за да се именуваш, се бара одредена квалификација. И ако ова прашање е апсурдно и, да кажам, помошно прашање на идентитетот (како на пример „од која држава си“), сепак тоа нè натера во овој момент да си го поставиме и личното прашање сами себеси, секој од нас, па кој сум јас?

**Ј.Ф.**